Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр
_______________ год.
СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучувајќи по барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Е.А.од Г. – претседател на Основен суд Г., за време на извршување на функцијата судија на Основен суд Г. по спроведена постапка согласно член 69 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник весник на РСМ" бр.102/19), в.в. со чл.78 ст.1 алинеа 3 од Законот за судовите (Службен весник на РСМ, бр. 96/19**)** на седницата одржана на 15.03.2022 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

На **Е. А.**, претседател на Основен суд Г., му се изрекува дисциплинска мерка намалување на платата во висина од 15% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци согласно законските одредби од чл. 78 ст.1 алинеа 3 од Законот за судовите, поради сторени повреди за време на извршување на функцијата судија на Основен суд Г.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија, од страна на овластен подносител – член на Судскиот совет на РСМ, поднесено е барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Е.А.од Г., судија на Основен суд Г.

Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност е поднесено согласно чл.74 ст.1 алинеа 2, чл.74 ст.3 алинеа 2 и чл.76 ст.1 алинеа 7. Според наводите од барањето судијата Е.А.нестручно и несовесно ја вршел судиската функција, затоа што во перидот од 01.01.2013 година до 2019 година, во својство на судија за извршување на санкции во Основен суд Г., постапувајќи по предметите кои биле распоредени за извршување на санкции - парични казни-глоби, трошоци на кривичната постапка, конфискација на имот и имотна корист, како и одземање на предмети, издал налози за извршување на присилни наплати и извршни пресуди до УЈП Скопје, но по доставување на ваквите извршувања до одделот за извршни и прекршочни санкции, иако бил должен да го следи извршувањето, тоа не го направил, па предметите не биле доставени до УЈП Скопје и до извршители во однос на трошоците на постапката, поради што дошло до застареност и неможност за наплата на